# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## ЈАНУАРИ 2025 г.





**Дочек на Новата 2025 година – Градскиот парк во Кочани полн со посетители и многу забава**

Со организирана музичка програма, новогодишен огномет и многу забава, голем број посетители во Градскиот парк во Кочани ја дочекаа Новата 2025 година.

Публиката уживаше во настапите на Наташа Малинкова, Habana Breeze Band и DJ Sandex.

Празничната музичка програма ќе трае до 14 јануари, а музички настан ќе се одржи и на 7 јануари. На Божиќ во Градскиот парк во Кочани ќе настапи македонската поп-пејачка Александра Јанева.





**Градоначалникот Љупчо Папазов на средба со одговорните служби – Новата 2025 година во Кочани дочекана во мирна атмосфера**

На првиот ден од Новата 2025 година, градоначалникот Љупчо Папазов ги посети надлежните служби за редот и безбедноста за време на празниците, Полициската станица – Кочани, Територијалната противпожарна единица – Кочани и ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Кочани, каде што се информираше за работата на службите во текот на новогодишната ноќ.

На средбата со началничката на кочанското Одделение за внатрешни работи Марија Маневска и со претставници од ОВР, беше констатирано дека на 31 декември и за време на дочекот на Новата година и во текот на ноќта, службите поминале без интервенции. Интервенции немала и дежурната екипа при Територијалната противпожарна единица во Кочани. Директорката на кочанската Општа

| | |
|---|---|
|  | болница Кристина Серафимова информираше дека новогодишната ноќ и во оваа установа поминала мирно, без интервенции. |
| <br> | **Градоначалникот Папазов во посета на првото новороденче во 2025 година**<br><br>Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов го посети првото новороденче на Акушерското одделение во Кочани, кое се роди на 1 јануари 2025 година во 10:45 ч.<br><br>Врачувајќи ги традиционалните подароци на бебето Семин и на неговата мајка Есенѓул им посака добро здравје и многу среќа, а упати благодарност и до персоналот што го изврши породувањето. Подароци доби и мајката што го донесе на свет новороденчето на 31 декември.<br><br>– Општа болница – Кочани ја испрати 2024 година со рожба женско дете, а Новата ја дочека со првороденото машко дете. На двете новороденчиња им посакувам добро здравје, мирно детство, да растат во благосостојба и радост. На граѓаните на општина Кочани им посакувам бројот на новородени деца да расте во 2025 година и да имаме пораст на наталитетот. На вработените во Општа болница им посакувам да имаат успешна работа, да се екипираат со потребниот персонал и да се грижат за здравјето на граѓаните на Општина Кочани и на соседните општини коишто гравитираат кон неа – изјави градоначалникот Папазов.<br><br>Центарот за култура „Бели мугри“ на првото бебе му подари дело од ликовниот уметник Танас Дедов, а производи доби и од Општа болница со проширена дејност – Кочани, како и од компанијата Зегин.<br><br>Доктор Илчо Атанасовски, специјалист по гинекологија и акушерство во кочанската Општа болница соопшти дека во 2024 година на Гинеколошко-акушерско одделение се родени 22 бебиња, извршени се 1 500 прегледи и 225 хоспитализации. |
|  | **Градоначалникот Љупчо Папазов им ги честита празниците на учесниците на Бадниковата поворка во Кочани**<br><br>Околу 400 деца кои учествуваа во Бадниковата поворка беа примени од градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, кој пред општинската зграда со подароци |

| | |
|---|---|
|  | им ги честита Бадник и големиот христијански празник Рождеството Христово – Божиќ.<br><br>Бадниковата поворка ја организира свештенството на храмот „Св. великомаченик Георгиј“ од Кочани. Годинава бројот на учесниците е удвоен во споредба со лани. Пеејќи ја божиќната химна „Вечниот Бог“, поворката појде од кочанскиот храм, помина по улицата „Стево Теодосиевски“ и покрај Градскиот парк стигна до општинската зграда.<br><br>Настанот се организира во чест на Христовото раѓање – Божиќ. |
|  | **Божиќна забава со пејачката Александра Јанева**<br><br>На 7 јануари, првиот ден од големиот христијански празник Божиќ, во Градскиот парк во Кочани настапи македонската пејачка Александра Јанева.<br><br>Дневната празнична забава ги собра љубителите на поп-музиката, кои уживаа во прекрасните интерпретации на Јанева.<br><br>Настапот на Александра Јанева е дел од празничната музичка програма што во организација на Општина Кочани и Пролет-бар започна во декември, а во чии рамки беше и дочекот на Новата 2025 година. |
| <br><br> | **Пакети храна за жители од селото Полаки**<br><br>Поради високата снежна покривка на Осоговските Планини, шестмина жители на Полаки останале завеани во своите домови во месноста Рамно Брдо, на 20 км од Кочани.<br><br>По пријавата дека останале без храна, Општина Кочани со поддршка од Општинската организација на Црвен крст, а во соработка со Територијалната противпожарна единица – Кочани и со Центарот за управување со кризи, обезбедија и доставија пакети со храна до живеалиштата на жителите од Полаки.<br><br>Ова е една од акциите за поддршка на жителите од планинските села во Кочанско што беа зафатени од обилните снежни врнежи. |
| | |

<table>
<tr><td><br></td><td>Одбележан празникот Богојавление-Водици<br><br>Митрополитот Брегалнички г. Иларион во сослужение со свештеници од храмот „Св. вмч. Георгиј“ од Кочани ги освети водите на Кочанска Река.<br><br>По традиција, одбележувајќи го големиот христијански празник Водици од Крушарскиот Мост беше потопен Светиот крст, по кој скокнаа 44-ца православни христијани.<br><br>Од водите на Кочанска Река крстот го извади Горан Зашов, кому градоначалникот Љупчо Папазов му подари златник, храмот „Св. вмч. Георгиј“ – Библија, а доби и други пригодни подароци.<br><br>Градоначалникот Папазов на Зашов и на верниците им го честита празникот и им посака добро здравје и благосостојба.</td></tr>
<tr><td></td><td>Почина Анче Трифунов, поранешен претседател на Советот на Општина Кочани<br><br>На 23 јануари 2025 г., на 54-годишна возраст, во Кочани почина Анче Трифунов, претседател на Советот на Општина Кочани во периодот од 2009 до 2011 година.<br><br>Трифунов беше дипломиран машински инженер, кој во периодот од 2011 до 2014 година ја извршуваше функцијата државен секретар во Министерството за економија, а во два наврата, од 2007 до 2011 и од 2014 до 2018 беше раководител на Подрачната единица на АД Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор во Кочани.<br><br>Беше секретар на ОК на ВМРО-ДПМНЕ – Кочани и учесник во Татковинската војна во 2001 г.<br><br>По повод смртта на Трифунов, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов упати сочувство до семејството на починатиот.</td></tr>
<tr><td></td><td>Кејската улица во Оризари се поврзува со улицата „Ангел Донев“<br><br>Во тек се градежни активности за реконструкција на дел од улицата „Кеј на револуцијата“ во Оризари и нејзино поврзување со улицата „Ангел Донев“.<br><br>Стручните служби од Општина Кочани информираат дека се работи на дел со должина 60 м и ширина 7 м, каде што</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
|  | се градат потпорни ѕидови и се поставува армирано-бетонска плоча над постоечкиот канал за атмосферска вода, по што ќе следува асфалтирање на овој спој на двете улици.<br><br>Вкупната вредност на овој градежен зафат е 2.460.393 денари, средства од општинскиот буџет, а работите ги изведува избраниот економски оператор „Коле транс“ од Штип.<br><br>На овој дел од улицата ќе биде поставено јавно осветлување, со што новоизградената Кејска улица ќе биде целосно завршена и поврзана со сообраќајниците во централниот дел на Оризари. |
| <br> | **Се гради улицата „Генерал Апостолски“**<br><br>На улицата „Генерал Апостолски“ во тек се градежни активности.<br><br>Се работи на крак долг 223 м, со ширина од 6,5 м, каде што ќе се градат и тротоари од двете страни и велосипедска патека со ширина од 1,5 м.<br><br>Изведувачот на работите „Коле транс“ од Штип деновиве ги поставува бетонските рабници и слојот со тампон.<br><br>Улицата којашто ги поврзува двете катастарски општини Кочани и Оризари ќе добие два асфалтни слоја од вкупно 18 см.<br><br>За изградба на оваа улица Општина Кочани намени 5.760.000 денари од сопствениот буџет. |
| <br> | **Изградена канализација на улицата „563“ во Лесна индустрија**<br><br>Заврши изградбата на главната канализациска линија со приклучоци, на улицата „563“ во Лесна индустрија во Кочани.<br><br>Главната линија е долга 410 метри, со пречник 250 мм, а канализациските приклучоци коишто водат кон градежните парцели лево и десно од улицата се со вкупна должина од 160 м, со пречник од 200 мм. Поставени се и канализациски шахти со длабочина на ровот и до 4 м.<br><br>Работите ги изведуваше избраниот економски оператор „Калина“ од Оризари, а вредноста на проектот е 3.773.301 денар.<br><br>Средствата во износ од 3 милиони денари се од |

| | |
|---|---|
| | Министерството за животна средина, а останатиот износ е кофинансирање од Општина Кочани. |
| <br> | **Стави појас и не користи мобилен додека возиш – акција за подобрување на безбедноста во сообраќајот**<br><br>На 30 јануари, Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата и Сообраќајната полиција при Одделението за внатрешни работи – Кочани, во соработка со Општина Кочани спроведоа акција зголемување на безбедноста во сообраќајот со употреба на сигурносниот појас и некористење на мобилниот телефон за време на управувањето со возилото.<br><br>Сообраќајни патроли на улиците во Кочани ја контролираа употребата на појасот од страна на возачите и на сопатниците и упатуваа на опасностите од користењето на мобилниот телефон при возење. Учесниците во сообраќајот добиваа летоци со пораки за внимателно и одговорно возење.<br><br>Користењето на мобилните телефони при возење е спротивно на Законот за безбедност во сообраќајот, а истражувањата покажале дека тоа ја зголемува опасноста од сообраќајна незгода за 4 до 9 пати.<br><br>Обврската за користење сигурносен појас во возилото се однесува на возачот, сопатникот на предното седиште, но и на сопатниците на задните седишта. |
| <br> | **Доделени признанијата за најуспешните во спортот во Кочани за 2024 година**<br><br>Општина Кочани и организаторот на манифестацијата Избор на спортист, ОФС – Кочани, на 30 јануари беа прогласени најдобрите во спортот во Кочани за 2024.<br><br>Со изборот што го направи Асоцијацијата на новинари од Кочани, за најдобар спортист на Кочани е прогласен каратистот Филип Стојанов од КК „Партизан“. На второто место се најде гимнастичарот Мартин Андонов (КГС „Кочани“), а на третото место Наталија Карова (КК „Кочани“).<br><br>Во категоријата млади надежни спортисти сите пријавени кандидати добија признанија за постигнатите успеси: Алексеј Ристов, Душанка Ристова, Илина Костадинова (КК „Кочани“); Павел Темелков, Даријан Павлев, Јован Илијев (БК „Спартак“); Иларија Цветкова, Матеј Постолов, Лука Естатиевски (КГС „Кочани“); Ванеса Давиткова, Марија Ефтимова, Ива Иванова, Ања Стојмиловска (ЖФК „Кочани“); Јован Николов (ФК „Младост-Тошев“); Никола Дончев (ФК „Фудбал старс“), Вероника Коцева (ЖФК |








„Фудбал старс“); Јован Прошев, Дамјан Арсов, Божидар Трајчев, Имрен Саидова и Никола Атанасов (КК „Партизан“).

Ана Ајтовска (КГС „Партизан), Филип Ангелов (БК „Спартак“), Јован Арсов и Владимир Трајков (КК „Партизан“), номинирани во категоријата Спортист на годината, кои поради возраста не ги исполнија условите да бидат кандидати за спортист на годината, добија плакети.

Во категоријата најдобар спортски работник признанието го доби Столе Тошев од ФК „Младост – Тошев“ од Оризари, за најдобар тренер беше прогласен Зоран Сребренов од БК „Спартак“, а за најдобар клуб – Карате клубот „Кочани“.

На манифестацијата што се одржа во салата на Центарот за култура „Бели мугри“ настапи оркестарот со традициски инструменти при ОМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани.





**Се уредува СРЦ „Бавчалук“ – засадени нови садници**

Во рамките на реализацијата на проектот за уредување на паркот во месноста Бавчалук, во кругот на Спортско-рекреативниот центар „Бавчалук“ се засадени нови садници. Наредниов период ќе се продолжи со озеленување, чистење на обраснатата вегетација, реконструкција на постоечките пешачки патеки и уредување на просторот.

Хортикултурното уредување и расчистување на површината на СРЦ „Бавчалук“ е учество на Општина Кочани во реализацијата на овој проект во соработка со Фондацијата за развој на локалната заедница од Штип.

Проектот опфаќа целосно обновување на содржините во Спортско-рекреативниот центар. Асфалтирани се терените за мал фудбал и кошарка, а ќе се обноват подлогите, ќе се заменат таблите и обрачите на кошевите, како и стативите на фудбалското игралиште.

Вкупната вредност на проектот изнесува 3.781.720 денари од кои 1.050.000 денари се од Фондацијата за развој на локалната заедница Штип, а останатите средства се од Буџетот на Општина Кочани.

Комуналните служби од Општина Кочани апелираат за совесно и одговорно однесување кон новите садници, дрвјата и воопшто кон зелените површини.

# СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ





**Советот на Општина Кочани ја одржа 58. седница**

На 24 јануари 2025 година, во салата на вториот кат во Мултикултурниот центар, Советот на Општина Кочани ја одржа 58. седница, на која беше донесена Одлука за резервирани средства за експропријација согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани за 2025 година, како и Одлука за кофинансирање на Проект за реконструкција на дел од ул. „Бел камен“ во Кочани.

Советот го усвои Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Кочани за 2024 година и Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за IV квартал во 2024 година.

Советот го верификуваше мандатот на новиот состав на Локалниот младински совет на Општина Кочани, а ги усвои и збирните извештаи односно елаборатите за процена на штетите од поплавата на 25 јуни 2023 година и градот на 23 јули 2023 година на подрачјето на Кочани.

Од делот на урбанизмот, Советот го утврди Деталниот урбанистички план за Градска четврт 17.

Советот ги прифати Информацијата за чистењето на одводните канали и речните корита во 2024 година и Планот за чистење на каналите и речните корита на подрачјето на Кочани за 2025 година, како и Информацијата за пошумување и заштита од ерозија.

Мнозинството во Советот не даде согласност на одлуката на Управниот одбор на КЈП „Водовод“ за зголемување на цената на метар кубен геотермална вода, а не го усвои и Планот за работа на КЈП „Водовод“ во 2025 година.

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**